**Пекабеско АД**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИ РЕЗУЛТАТИ

**За период Јануари - Декември 2023 година**

Пекабеско АД за периодот Јануари-Декември 2023 оствари позитивен финансиски резултат искажан во неревидираниот Биланс на успех

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во 2023 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во консолидираните финансиските извештаи на Пекабеско АД.

**Вкупни приходи**

Остварените вкупни приходи од работењето во периодот Јануари-Декември 2023 година изнесуваат 5.527 милиони денари и во споредба со остварените во истиот период во 2022 година бележат зголемување од 3 %. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество од 98,7%, имаат приходите остварени со продажба на готови производи, стоки и услуги кои во споредба со остварените во 2022 година бележат зголемување од 3%. Приходите од извоз изнесуваат 749 милиони денари и во споредба со остварените во истиот период во 2022 се зголемени за 4%

**Вкупни расходи**

Остварените вкупни расходи во периодот Јануари-Декември 2023 година изнесуваат 5.383 милиони денари и во споредба со остварените во истиот период во 2022 година бележат зголемување од 3%.

**Инвестиции и отпис на материјални средства**

Вкупните инвестиции во основни средства во периодот Јануари-Декември 2023 година изнесуваат 112 милиони денари. Главните вложувања се направени во производствена и транспортна опрема

Во 2023 година не се направени значителни отписи или продажба на материјалните средства

**Обврски по кредити**

Долгорочната задолженост на 31.12.2023  година изнесува 212 милиони денари и во споредба со состојбата од минатата година бележи зголемување од 35%.

Краткорочната задолженост на 31.12.2023 година изнесува 0,3 милиони денари за разлика од состојбата од минатата година кога изнесувала 23 милиони денари

**Вработеност**

Вработеноста на крај на периодот Јануари-Декември 2023 изнесува 411 вработени и е пониска во однос на 2022 за 33 вработени

**Дивиденди**

Пекабеско АД за периодот Јануари-Декември 2023 нема исплатено дивиденда